Финансирано од Европска Унија

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

Национална конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија

Единаесеттата сесија на Работна група 1 – Земјоделство и рурален развој (Поглавје 11)

Документ за политики

# Трансфер на знаење и иновации: Систем на знаење и иновации во земјоделството (AKIS)



Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

# Трансфер на знаење и иновации: Систем на знаење и иновации во земјоделството (AKIS)

## Што е АКИС системот?

Во рамките на Заедничка земјоделска политика на Европската Унија за периодот 2021/2027 се развива посебен систем за пренесување на знаења и иновации во земјоделството, познат како АКИС[1]. Овој систем вклучува институции, земјоделци, медиуми, бизнис заедници, академска средина и други чинители, а крајната цел е да ги снабдат земјоделците со знаење и вештини за справување со економските и климатските предизвици во земјоделството. За земјоделците во Европската Унија, но и кај нас, голем предизвик е оптимално искористување на ресурсите за постигнување на поголема профитабилност, справување со влијанијата од климатските промени, постигнување на поголема конкурентност, пристап до финансии и пазари, како и други предизвици за современото земјоделство. Ефикасниот АКИС систем поддржува иновации и размена на знаења помеѓу советниците, земјоделците, истражувачите, руралните мрежи, националните и регионалните власти, медиумите, учесниците во обуките и потрошувачите. Кога знаењето се создава заеднички, се користи ефикасно и се споделува пошироко, а тоа дополнително го поддржува развојот и зголемувањето на иновативни решенија кои функционираат во пракса.

Со цел да се забрза спроведувањето на АКИС системот и во нашата земја, од страна на Собранието на Република Северна Македонија беше усвоен Законот за советодавни услуги во земјоделството и руралниот развој[2]. Овој закон обезбедува правни основи за приближување на македонското земјоделство кон европското. Преку Законот за советодавни услуги, во државата се создаваат можности за професионализација на советодавните услуги т.е. лиценцирани советници кои преку обуки ќе пренесуваат неопходни знаења и зајакнување на вештините на земјоделците за модернизација на македонскиот земјоделски сектор по европски модел. Воведувајќи на АКИС системот, нашата држава ќе биде прва во регионот која го има воспоставено овој важен систем за поддршка на земјоделците[3]. Со овој систем се предвидува да се подобрат состојбите во руралните зони во економска и демографска смисла, проблем кој е од ургентно значење за земјава. Во сегашната фаза, националниот АКИС е фрагментиран и постои потребата од неговото преструктурирање, како и во изнаоѓање на начин на негово прилагодување во националните услови.

[1] Modernisation of Agriculture through more efficient and effective Agricultural Knowledge and Innovation Systems
[2] Закон за советодавни услуги во земјоделството и руралниот развој, 12 декември 2023
[3] Соопштение на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 13 декември 2023

## До каде сме со спроведувањето на националниот АКИС систем?

Со цел да се афирмира АКИС системот во пошироката јавност Националната конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија (НКЕУ-МК) организираше сесија на тема **„Трансфер на знаење и иновации: Систем на знаење и иновации во земјоделството (AKIS)“**[4]. На сесијата беа споделени наоди и искуства од експерти од различни сектори од доменот на земјоделството.

Според пристапот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, елабориран од страна на **Гоце Георгиевски**[5], во рамки на Програмата за рурален развој преземени се низа на активности во насока на поставување на темелите и успешно имплементирање на АКИС во нашата држава. Во 2021 година започнуваат активностите во проектот за воспоставување на регионален АКИС систем поддржан од Европската Унија во која учествува и Постојаната работна група за рурален развој (SWG) поддржана од Владата на Германија[6]. Веќе од 2022 година започнува имплементацијата на АКИС проектот. Според претставниците на МЗШВ сите предвидени активности се спроведуваат во утврдените рокови, а меѓу нив посебно значајно е донесувањето на Законот за советодавен систем во земјоделството и руралниот развој[7]. Исто така, спроведени се обуки на 91 потенцијален советодавец, кои ќе се регистрираат во новиот регистар, а обезбедени се и едукативни материјали кои ќе ги користат советниците во својата едукација и надоградба. Посебно е истакнато значењето на интегрираниот информативен систем, како и мобилната апликација која многу скоро ќе биде промовирана како директен линк помеѓу земјоделските производители и сите останати чинители за пренесување на знаење од особено значење за земјоделските производители.

Кога станува збор за развивање на функционален АКИС систем во Република Северна Македонија, неопходно е да се развие функционална и непрекината двонасочна соработка меѓу сите чинители, што би значело дека пренесувањето на знаењето и иновациите преку професионалните советодавни канали ќе биде вреднувано од самите земјоделци, но и од ефектите (индикаторите) кои ќе покажат развојни тенденции.

[4] Единаесеттата сесија на Работната група 1 – Земјоделство и рурален развој (Поглавје 11) - одржана на 05.03.2024 во Клуб на пратеници
[5] Раководител на Сектор за рурален развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
[6] Модернизација на советодавните услуги за земјоделците во Република Северна Македонија
[7] Службен весник на РСМ, бр. 263 од 12.12.2023 година

# Трансфер на знаење и иновации: Систем на знаење и иновации во земјоделството (AKIS)

Од досега направените експертски анализи, утврдено е дека за развивање на ваков тип на соработка меѓу сите чинители во земјоделството, неопходно е формирање на Координативно тело кое ќе ја координира, поттикнува и ќе врши проценка на ефектите. Според **Ана Симоновска**[8], во процесот на развивање на АКИС-концептот и протокот на информации не треба да се заборави подобрувањето на меѓу-тематските и прекуграничните протоци на иновации, што би се остварила преку континуирана интеракција, но и преку и поддршка за дигитална транзиција во земјоделството. Исто така, успешното спроведување на стратегиите насочени кон АКИС потребно е да вклучуваат подобрување на протокот на знаење и зајакнување на врските помеѓу истражувањето и постоечките земјоделски практики, како и зајакнување на советодавната служба како важни чинители во фрагментираниот АКИС систем, како што е во моментов во нашата држава.

При модернизацијата на советодавните услуги за операторите во областа на земјоделството и воведувањето на АКИС системот во државата, според странските експерти **Доналд Аквилина** и **Димитар Ванев**[9], од исклучително значење е креирањето и спроведувањето на обуки прилагодени на потребите на земјоделците. Меѓутоа, за да се спроведат успешни обуки за земјоделците, потребно е да се спроведат обуки за лицата кои ќе ја извршуваат оваа нова професија на советници во земјоделството. Од спроведеното истражување на јавното мислење, проектниот тим дошол до податокот дека 91% од испитаните земјоделци и 66% од советниците не биле на никаква обука во последните две години, а причината за тоа не е немањето желба за обуки, туку недостапноста на стручни обуки и семинари корисни за нив. Во проценувањето на потребите на советниците и земјоделците, се дошло до заклучок дека за земјоделците најважни се обуките поврзани со финансиите, потребните барања за добивање на државна помош, како и за обуки за климатските промени. Додека за советниците од најголема важност се и обуките за меки вештини. Оттаму, во рамки на проектот според кој се имплементира АКИС, развиени се две програми за обучување, една за земјоделци и друга за советниците. Програмите ги покриваат темите кои се идентификувани како најпотребни и треба да ја направат државата поподготвена при изградбата на националниот АКИС систем.

[8] Професор на Факултет за земјоделски науки и храна, Институт за агро економија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
[9] Наоди и искуства од проектот финансиран од ЕУ - „Модернизација на советодавните услуги за операторите во областа на земјоделството во Северна Македонија“

## Трансфер на знаење и иновации: Систем на знаење и иновации во земјоделството (AKIS)

Трансферот на знаења и иновациите треба да бидат прилагодени на локалните услови и потреби на земјоделците. Според **Билјана Петровска – Митревска**[10], македонското земјоделско стопанство е раситнето бидејќи 90% од македонските земјоделци имаат земјоделско стопанството со земјишен посед од 1 до 5 хектари, а на кое стопанисуваат  максимум 5 луѓе, кои истовремено извршуваат неколку улоги, како работници, менаџери, маркетинг, продажба и друго. Оттаму, се поставува прашањето како да се едуцираат земјоделците т.е. корисните знаења и иновации да стигнат до нив, кога тие постојано работат. Ваквата состојба ја нагласува важноста на АКИС системот и потребата од пренесување на знаење преку модернизација и воведување на практики на комуникација преку онлајн платформи, кои ќе им помогнат на овие земјоделци да функционираат подобро и да се развиваат. Дополнително, климатските промени и пласманот се меѓу најголемите проблеми во земјоделството, поради што треба да се обрне посебно внимание од страна на нашиот АКИС систем. Покрај тоа, во иднина проблемите како недостатокот на храна и вода ќе бидат сѐ поприсутни, а системот на трансфер на знаења и иновации треба да обединува за заедничко дејствување и придонесувајќи заподобрување на животната средина.

## Заклучоци и препораки

Нацрт препораките кои произлегоа од единаесеттата сесија на Работната група 1 се однесуваат на подигање на свеста за потребите на ефикасен систем на знаење и иновации во земјоделството  познат во ЕУ како АКИС. Системот, освен организирани обуки според стандардизирани програми, опфаќа организација на разни промотивни активност, кампањи, информации и други активности корисни за модернизација и поголема продуктивност во земјоделството. Со усвојувањето на Законот за советодавен систем за земјоделство и рурален развој се создадоа реални услови за спроведување на АКИС и прилагодување на македонското земјоделство кон ЕУ принципите и европските практики. Едно од прашањата кое предизвика интерес за време на дијалогот се однесуваше на возраста на професионалните советници. Експертите се согласија со фактот дека старосната граница за да се добие лиценца за советник за трансфер на знаење и иновации до 40 години е многу ниска.

[10] Проектна менаџерка во Национална федерација на фармери

Сепак искуството на повозрасните може да биде значаен фактор за поголем успех на системот. Исто така, покрај зголемување на старосната граница до 55 години, при селекцијата на лицата на советодавни услуги, потребно е воведување на менторинг програма за надминување на јазот кој постои помеѓу младите и постарите советници. Дополнително, во имплементирањето на АКИС системот, не треба да се занемари знаењето со кое располага бизнис секторот, кој е двигател при воведувањето на иновативни решенија за сопствени потреби, а кој би бил подготвен да ги сподели со останатите помали производители. Исто така, беше укажано на потребата од креирање на програми за мотивација и промоција и одвојување на повеќе финансиски средства кои ќе стигнат до земјоделците затоа што населението во руралните средини е она кое ги чува традициите.

Уште во самиот вовед на сесијата на Работната група 1. од страна на **Милева Ѓуровска**[11] беше укажано на значењето на поголемата афирмација на оваа тема за прилагодување на македонските земјоделци кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ, но и на неопходноста од поголема имплементација на она што го создаваме како „хартија - интелектуален производ" во облик на закони или јавни политики, при што за успехот не зборуваат политичарите, туку граѓаните. Нагласувајќи ја посебната улога на експертите во пристапниот процес на државата, амбасадорот на Република Словачка, **Хенрик Маркуш**[12] дополни дека агендата за земјоделство е една од најпредизвикувачките теми. Оттаму, тоа ги прави експертите на НКЕУ-МК да бидат запаметени во историјата преку нивната работа, која не се состои само во усвојување и публикување на препораки, туку во тоа што препораките одразуваат колективно знаење за справување со предизвиците во преговорите на државата за членство во ЕУ.

[11] Национален координатор на НКЕУ-МК, професорка на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
[12] Амбасадор на Република Словачка во Република Северна Македонија

„Оваа публикација е финансирана од Европската Унија и SlovakAid. Нејзината содржина е единствена одговорност на Европското движење во Република Северна Македонија и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и Република Словачка."